# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

*25.11.2025 година * Број 20 * Година XIX *
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, Ноември, 2025 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за прогласување на заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2025 година

1. Се објавува Одлука за прогласување на заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2025 година, донесена на 3. (свечена) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 ноември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-10796/1**
**Датум:25.11.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со предлогот од Градоначалникот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош, на 3. (свечена) седница, одржана на 24 ноември 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прогласување на заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2025 година**

**Член 1**

По повод 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош, за заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2025 година, се прогласува:

- **Драги Сетинов**

**Член 2**

За извонредно големиот придонес во полето на спортот, на именуваниот од член 1 на оваа одлука ќе му се додели Плакета за заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2025 година.

**Член 3**

Плакетата за заслужен граѓанин на Општина Карпош ќе ја додели Градоначалникот на Општина Карпош на Свечена академија организирана по повод 49-годишнината од постоењето на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-10573/3**
**Датум: 24.11.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за наградување на службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош

1. Се објавува Одлука за наградување на службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош, донесена на 3. (свечена) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 ноември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-10796/2**
**Датум:25.11.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 51 и член 52 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), член 23, став 1 точка 6, член 24, член 25, член 28, член 28а и член 29 од Закон за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21, 89/22 и 160/25) а во врска со член 36, став 1, точка 12,13 и 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) како и Барањето бр.11-10788/1 од 24.11.2025 година, на предлог од Градоначалникот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош, на 3. (свечена) седница, одржана на 24 ноември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за наградување на службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош**

**Член 1**

По повод 49 годишнината од формирањето на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош доделува парична награда за големиот придонес во непречено обезбедување на јавен ред и мир, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, спречување на вршење криминални дела и прекршоци.

Наградата се доделува на Елена Дракулевска, службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош.

**Член 2**

За големиот придонес во непречено обезбедување на јавен ред и мир, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, спречување на вршење криминални дела и прекршоци, а особено истакнат како стручен, принципиелен и професионален во вршењето на своите работни обврски, на именуваната од член 1 на оваа одлука ќе се додели парична награда во финансиски средства во износ од 60.000,00 (шеесет илјади) денари без пресметан данок.

Средствата да се исплатат на трансакциска сметка на Елена Дракулевска.

Финансиските средства од став 1 на овој член се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

**Член 3**

Наградата заедно со Пофалница ќе ја додели Градоначалникот на Општина Карпош на Свечена академија организирана по повод 49-годишнината од постоењето на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-10573/4**
**Датум: 24.11.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

## СОДРЖИНА

1. Одлука за прогласување на заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2025 година; со Решение за објавување,
2. Одлука за наградување на службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош; со Решение за објавување,

**Издавач:**
**Општина Карпош**
**Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**